**ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО**
**СПИ-8/24**
**22.04.2024 година**
**К у м а н о в о**

**Р.**

Врз основа на член 20 ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019) и согласно одредбите на Упатството за споведување на Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.60/20), постапувајќи по Барањето за пристап на информацији од јавен карактер, поднесено на 29.03.2024 година, Комисија за спречување и заштита од дискриминација ул:„ ..., Основниот суд Куманово, преку Одговорно лице за посредување на информации од јавен карактер, Претседател на судот, Судијата Снежана Манев, на ден 22.04.2024 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, поднесено од Комисија за спречување и заштита од дискриминација, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, **СЕ УВАЖУВА.**

- согласно член 20 став 1 и член 24 ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**О б р а з л о ж е н и е**

Пред овој суд барање за пристап до информации од јавен карактер на 18.03.2024 година, поднесе Комисија за спречување и заштита од дискриминација ..., со кое побара:

1. Вкупен број на заведени и решени граѓански предмети во период од 01.01.2020 година до денес по основ дискриминација /повреда на правото на еднаков /нееднаков третман /повреда на правото на еднаков третман.

Судот постапувајќи по барањето за пристап на информацији од јавен карактер, изврши проверки во нашата евиденција, утврди дека во Основен суд Куманово, во период од 01.01.2020 година до денес, нема заведено предмети по основ дискриминација /повреда на правото на еднаков /нееднаков третман /повреда на правото на еднаков третман, след тоа, ниту решени предмети, по основ дискриминација /повреда на правото на еднаков /нееднаков третман /повреда на правото на еднаков третман.

Основен суд Куманово, СПИ - 8/24 од 22.04.2024 година.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер рок од 15 дена од прием на Решението.

Одговорно лице за посредување Информации
од јавен карактер при Основен суд Куманово на
Претседател на Основен суд Куманово
Судија
Снежана Манев

Службено лице за посредување со
Информации од јавен карактер при
Основен суд Куманово
Судски советник
Мирјана  Максимовска